ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 3 ДАТА 18.01.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 3 ДАТА 18.01.2017 г.


## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 17.01.2017 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фубалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и фудбалерот Адили Мевлан го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Скопје фудбалерите: Глигоров Филип и Адили Мевлан од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и Велиновски Богдан од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, поради преминуање со регистраца на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО

**Седница од 17.01.2017 година**

- **Регистрацидја на фудбалери:**

**ГФК „ВАРДАР„ Неготино:** Јанаќиев Александар, Сулковиќ Амел, по член 35/1.
**ГФК „НЕГОТИНО„ Неготино:** Илиев Ж. Стефан, Турковиќ Митхад, Најдов Александар и Најдов Трајче, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 17.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

**ФК „НОВАЦИ 2005„ Новаци:** Степановски А. Методија од ФК „Пелистер АД„ од Битола, по член 35/8.

- **Склучување на договор за отстапување:**

ФК „Пелистер АД„ Битола, ФК „Новаци 2005„ од Новаци и фудбалерот Степановски Методија склучија договор за отстапување на фудбалер во времетраење од 6 – шест месеци, до Летен преоден рок 2017 година.

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Пелистер АСД„ од Битола и фудбалерот Коњарски Благојче го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

ФК „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Василев Милен го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Битола фудбалерите: Василев Милен и Бенјамин Демир од ФК „Пелистер АД„ од Битола, поради преминуање со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 17.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

**КМФ „СЕЕ УНИВЕРСИТИ„ Тетово:** Лума Џ. Јетон, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Харбин З. Купа од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Елвир Рамиќ од ФК „Вардар АД„ од Скопје по член 35/3 за ФК „Шкендија АД„ од Тетово, бидејќи е применет погрешен член.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП**
**Седница од 16.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

**ФК „ПАРТИЗАН„ с. Обршани:** Кукески Христијан од ФК „Партизан„ од с. Обршани, по член 35/2.

**ФК „ЦЕРВЕНА ЗВЕЗДА„ с. Сенокос:** Кузманоски Д. Бобан, Степаноски С. Валентин од ФК „Црвена Звезда„ од с. Сенокос, по член 35/2.

**ФК „ПРИЛЕП СИТИ„ Прилеп:** Ѓорѓиоски Б. Валентин, Петкоски М. Марин од ФК „Прилеп Сити„ од Прилеп, по член 35/2.

**ФК „КАДИНО„ с. Кадино село:** Наумоски Д. Благоја од ФК „Кадино„ од с. Кадино, по член 35/2.

**ФК „КЛЕПАЧ 2013„ с. Клепач:** Талевски Љ. Димјитар од ФК „Клепач 2013„ с.Клепач, по член 35/2.

**ФК „КАДИЦА„ с. Забрчани:** Карески Т. Михаил од ФК „Кадица„с. Забрчани, чл. 35/2.

**ФК „ПЕРАК„ Прилеп:** Димоски М. Кирил од ФК „талент„ од Прилеп, по член 35/2.

**ФК „ПРИЛЕП„ Прилеп:** Јовчески З. Филип, Димоски Р.Мартин, Тркалески Мартин, од ФК „Талент„ од Прилеп, Димкоски Димитар, Риастески Давид од ФК „Перак„ од Прилеп, по член 35/2.

**ФК „БОРОТИНО„ с. Боротино:** Ралоски Стефан, Ујгоноски Роберто од ФК „Боротино„ с. Боротино, по член 35/2.

**ФК „ПРОЛЕТЕР„ Прилеп:** Алиоски Ернес, Алиоски Доан, Расимоски Мехмед и Шерифоски Фазлија од ФК „Пролетер„ од Прилеп, по член 35/2.

**ФК „НОВО ЦРНИЛИШТЕ„ с. Црнилиште:** Алиу Севџан од ФК „Ново Црнилиште„ од с. Црнилиште, по член 35/2.

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-2079/1-2
30.12 2016 год.

Врз основа на член 58 став 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.12.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдува одлуките донесена од Комитетот за итност на ФФМ и тоа:

- Одлука донесена на седницата одржана на ден 22.12.2016 година:
  - Одлука со деловоден број 0202-2056/2

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

**Образложение**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.12.2016 година ја разгледа одлуката донесена од Комитетот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2079/1-2

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-2079/1-7
30.12.2016 год.

Врз основа на член 56 став 1 в.в со член 44 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.12.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се утврдува Редовното Генерално Собрание на ФФМ, да се одржи на ден 18 Февруари 2017 година со почеток во 10.00 часот.

2. Местото на одржување на Редовното Генерално Собрание на ФФМ во 2017 година ќе биде дополнително утврдено.

3. Се задолжува Комисијата за избори на ФФМ, согласно своите надлежности да отпочне со активности за изборниот процес.

4. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

5. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 30.12.2016 година го одреди датумот и метото за одржување на Редовното Генерално собрание на ФФМ како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2079/1-7

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-2079/1-8
30.12.2016 год.

Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајќи по предлог одлуката на Комисијата за статут и правилници бр. 24-784/12 од 13.12.2016 година во врска со Предлогот за поведување постапка за заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ пр.бр. 24-784/9 од 03.10.2016 година поднесен од Драган Томовски од Скопје, врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ во врска со член 150 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 30.12.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува предлог одлуката на Комисијата за статут и правилници на ФФМ бр. 24-784/12 од 13.12.2016 година.
2. Се одбива предлогот за поведување постапка за заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ пр.бр. 24-784/9 од 03.10.2016 година поднесен од Драган Томовски од Скопје, против одлуката на второстепениот орган на ФФМ бр. 10-784/8 од 26.09.2016 година в.в со одлуката бр. 0801-784/7 година на Дисциплинската комисија на ФФМ .
3. Се потврдува одлуката на Комисијата за жалби на ФФМ бр. 10-784/8 од 26.09.2016 година.
4. Одлуката стапува на сила веднаш, да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.12.2016 година ја разгледа предлог одлуката на Комисијата за статут и правилници на ФФМ бр. бр. 24-784/12 од 13.12.2016 година

Во предлог одлуката на Комисијата е наведено дека Драган Томовски од Скопје преку Комисијата за жалби на ФФМ во дозволениот рок , до Комисијата за статут и правилници на ФФМ доставил Предлог за поведување на постапка за заштита на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Предлогот е поднесен врз основа на член 150 од ДП на ФФМ за заштита на одредбите на ДП на ФФМ а во врска со донесени одлуки во прв степен од страна на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-784/7 од 18.07.2016 година и одлука донесена во втор степен од страна на Комисијата за жалби на ФФМ бр. 10-784/8 од 26.09.2016 година.

Комисијата утврдила дека со предлогот не е приложен доказ за уплатена такса за поднесокот но дека по укажување, таксата е уплатена и доставена на увид.

Подносувачот во предлогот навел дека не ги прифаќа наводите во одлуките и смета дека се направени повреди на Дисциплинскиот правилник, Статутот на ФФМ и Етичкиот код на ФИФА.

Во наводите од предлогот, поднесувачот бара заштита на одредбите на член 5, 8, 82, 85, 125 , член 127, член 139 и член 141 од ДП на ФФМ.

Управниот одбор ги разгледа наводите во предлогот на подносителот, наодите на Комисијата и го утврди следното:

**Член 5**

Поднесувачот наведува дека второстепениот орган ги прекршил одредбите на член 5 бидејќи не го сослушал пријавениот сторител на прекршување. Имено во член 5 стои:

*„Никој не може да биде казнет без претходно да биде сослушан.*
*Се смета дека некој е сослушан доколку на барање од надлежен орган достави своја изјава."*
*Ако сторителот на прекршокот одбие да биде сослушан или не достави писмена изјава во рокот определен од дисциплинскиот орган ќе се смета како да е сослушан.*
*Исклучок од став 1 од овој член се прави само во случај на автоматска казна."*

Оваа одредба се однесува на начинот на водење на дисциплинска постапка и на начинот на изрекување на дисциплинска мерка. Комисијата констатирала дека воопшто не се работи за водење на дисциплинска постапка, ниту во одлуката на првостепениот орган , ниту во одлуката на второстепениот орган нема изрека со која се казнува сторител на прекршок. Во одлуките на двата органа станува збор за отфрлање на пријава за покренување дисциплинска постапка. Од тие причини Управниот одбор утврди дека нема прекршување на одредбите од член 5 од ДП на ФФМ.

**Член 8 во врска со член 85 и член 125**

Поднесувачот во предлогот наведува дека:

- грубо е повреден ДП во член 125 бидејќи прв услов одредена постапка да се процесуира е сослушување на пријавениот. Поднесувачот смета дека Дисциплинската комисија на ФФМ како првостепен орган, поради непочитување на одредбата од член 125 од ДП на ФФМ сторила прекршок утврден во одредбата на член 85 од ДП (занемарување на обврски) а со тоа направила прекршување на член 8 од ДП на ФФМ, потоа

- второстепената комисија наместо да ги прифати аргументираните наводи од неговата жалба од 25.07.2016 година свесно и со намера, според него го прекршува (член 8) прави пропусти и грешки со што исто прави прекршување на член 85 од ДП на ФФМ(занемарување на обврски).

Комисија утврдила дека во одредбите на **член 8 став 1** на ДП на ФФМ е наведено:

*Сторителот на дисциплинскиот прекршок ќе биде казнет по одредбите на овој Правилник доколку прекршокот го сторил :*

- *со намера (умисла)*
- *од невнимание (небрежност)*

Управен одбор

Во **член 85 став 1 алинеа 8** од ДП на ФФМ е наведено:

*„Оној што спрема фудбалската организација ќе ги занемари обврските со: ....*
*- неизвршувањето на други должности и обврски кои произлегуваат од правилникот и други прописи на фудбалската организација; ќе се казни со...*

Одредбата од член 8 е поврзана со изрекување на дисциплинската мерка. Согласно одредбите на ДП , висината на дисциплинската мерка се определува во зависност од тоа дали прекршокот е сторен со намера или невнимание.

Одредбата од член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ се однесува на занемарување на обврски.

Повторно како и при разгледување на повреда на член 5 од ДП на ФФМ, Комисијата констатирала дека **во нападнатите одлуки** на двата органа нема изрека со која се казнува сторител на прекршок по било кој основ , односно изреката воопшто не се однесува на сторител на прекршок и со истата изрека не е изречена дисциплинска мерка за да може воопшто да се постави прашање за прекршување и да се побара заштита на овие одредби. Од тие причини Управниот одбор утврди дека во нападнатите одлуки нема прекршување на одредбите од член 8 и член 85 од ДП на ФФМ.

Во врска со наводите на подносителот за утврдување на одговорност на членовите на првостепениот и второстепениот орган согласно член 85 од ДП на ФФМ Управниот одбор го упатува подносителот на следното :

- Изборот на членовите на дисциплинските тела на ФФМ го врши Собранието на ФФМ. Статутот на ФФМ ја утврдува надлежноста на дисциплинските тела. Тие носат полноправни одлуки на начин предвиден во Статутот. Во своето работење и носењето на одлуки се независни . Заради заштита на правата на странките во постапката за овие одлуки е предвидена двостепеност во одлучувањето и поднесување на вонредни правни лекови согласно ДП на ФФМ. Доколку странката во постапка смета дека комисијата со својата одлука ги повредила одредбите на актите на ФФМ има право на жалба. Правото на жалба за жалителот претставува право да укаже на пропусти во постапката, утврдување на фактичката состојба и изрекувањето на дисциплинската мерка и да побара нивно ревидирање.

Управниот одбор укажува дека и под претпоставка нападнатите одлуки да содржеле изреки за дисциплинска мерка и таа мерка да не била донесена во согласност со ДП на ФФМ во ниту еден случај членовите на органот кој ја донел предметната одлука за процесот на постапување и одлучување не можат да бидат одговорни за занемарување на обврски кои произлегуваат од прописи на фудбалската организација на начин предвиден во член 85 од ДП на ФФМ посебно не на начин на кој подносителот упатува.

Во врска со наводите дека првостепениот орган направил грешка со умисла па прави повреда на член 8 , Комисијата за статут и правилници утврдила дека и покрај тоа што одлуката бр. 0801-784/7 од 18.07.2016 година содржела правна поука, нема прекршување на ниту една одредба на ДП на

ФФМ ,ниту едно право на подносителот не било повредено: Комисијата за жалби не го одбила жалбеното барање поради неплатена такса, ниту пак упатила на плаќање на такса и се произнела со конечна одлука.

Комисијата упатува дека член 8 од ДП на ФФМ воопшто не може да биде предмет на разгледување, со предметната одлука не е утврден сторител на прекршок на кого му е изречена дисциплинска мерка за сторено дело кое евентуално би било направено со умисла или невнимание.

Во врска со наводите за повреда на **член 125** од ДП на ФФМ кој гласи:

*став 1 - „По утврдувањето на надлежноста дисциплинскиот орган го повикува и сослушува сторителот на прекршокот како би можел да одлучи за покренување на дисциплинската постапка и за тоа да донесе формална одлука.*

*во став 2 - Ако сторителот на прекршокот не живее во местото, односно седиштето на дисциплинскиот орган тогаш сослушувањето ќе се изврши преку фудбалското раководство во тоа место или преку клубот.*

*во став 3 - Ако станува збор за исклучен играч, тој е должен по завршување на натпреварот да се јави на делегатот поради сослушување.*

Комисијата за статут и правилници утврдила дека одредбите од член 125 од ДП на ФФМ на кој поднесувачот се повикува се неприменливи во постапка која не е поврзана со фудбалската игра.

Цитираните одредби имаат третман на посебни одредби и се однесуваат на иницирање на постапка поврзана со фудбалската игра каде има претходно постапување од страна на арбитар кој пресудил дека пријавениот е сторител на прекршок и се однесува на учесниците во фудбалската игра и службените лица на натпревар.

Во дисциплинска постапка која не е поврзана со фудбалската игра, утврдувањето на сторителот на прекршокот и сторувањето на прекршокот се врши со истата одлука со која се изрекува и дисциплинската мерка. Од тие причини Управниот одбор утврди дека не е направена повреда на член 125 од ДП на ФФМ.

**Член 127 и 141**

Подносителот во предлогот се повикува на повреда на член 127 од ДП на ФФМ во насока на итност и економичност во постапувањето и член 141 од ДП на ФФМ во делот кој се однесува на упатување на уредување на жалбен поднесок .

Комисијата за статут и правилници утврдила дека овие одредби подносителот ги нападнал и биле основ на постапување по жалба. Второстепената комисија постапила , донела одлука бр. 10-747/2 од 08.06.2016 година и го вратила предметот на повторно разгледување.

Барањето за заштита на одредби кои не се однесуваат на предметната постапка туку на постапување на првостепениот орган кое е повторено е безпредметно дотолку повеќе што подносителот не наведува прекршување и не бара заштита на член 127 и 141 од ДП на ФФМ во предметната постапка .

**Член 138**

Подносителот на барањето навел дека второстепениот орган направил грешка со избегнување да даде правна поука во нападнатата одлука , кршејќи го член 139 на ДП на ФФМ.

Комисијата утврдила дека подносителот мислел на член 138 кој гласи:

*„Секоја одлука за изречена казна се објавува во службено информативно гласило на членката чиј орган ја изрекол казната. Одлуката за казна мора да содржи назнака од кога почнува казната да тече.*

*Одлуката мора да содржи воведен дел, изрека, образложение и правна поука и во истата мора да биде наведен описот и видот на прекршокот како и изречената дисциплинска казна."*

Комисијата утврдила дека одредбата се однесува на одлуки кои подлежат на двостепеност во одлучувањето.

Со одлуката која ја носи второстепениот орган завршува редовната постапка и таа е конечна.

Правилата на ФФМ не уредуваат и не наведуваат во конечна одлука да се упатува странката на вонреден правен лек со оглед на тоа што дисциплинскиот правилник утврдува повеќе различни вонредни лекови. Од тие причини Управниот одбор утврди дека не е направена повреда на член 138 од ДП на ФФМ.

Одредбите за вонредни правни лекови се дел од Дисциплинскиот правилник на ФФМ кој е достапен до сите странки во постапката, истиот се објавува во Макфудбал и веб страната на ФФМ.

**Член 82**

Во врска со повреда на член 82 од ДП на ФФМ и толкување на терминот јавност односно како што подносителот цитира лингвистичка дефиниција „Јавно е се што не е тајно",комисијата упатува на одредбите од член 82 од ДП на ФФМ:

*„Играч, функционер, односно било кој субјект на дисциплинска одговорност кој навредува, клевети или шири невистини во јавност, пишан или електронски медиум за својот или било кој клуб, за свој или противнички играч, фудбалски работник на било кој клуб или член на фудбалското раководство во било кој орган, судија, или тренер, ќе се казни со:.."*

Комисијата за статут и правилници во предлогот утврдила дека толкувањето на терминот „јавност" употребен во одредбата на член 82 од ДП на ФФМ не означува „се што не е тајно".

Комисијата констатирала дека и првостепениот и второстепениот орган на ФФМ правилно утврдиле дека не станува збор за прес конференција со која се информира јавноста, напротив станува збор за транспарентно информирање на делегатите на собранието за обвинувања за злоупотреби изречени во

јавност и истите во рамките на Дисциплинскиот правилник и за фудбалската организација немаат значење на јавност :

Од тие причини Управниот одбор не утврди повреда на член 82 од ДП на ФФМ.

При разгледување на наводите на подносителот и наодите на Комисијата за статут и правилници, Претседателот на ФФМ се иззема од дискусија и гласање.

Управниот одбор по завршување на дискусијата едногласно утврди дека поднесениот предлог за заштита на Дисциплинскиот правилник не е основан и донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Подпретседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-2079/1-8

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
бр. 0202-90/1-2
17.01 2017 год.

Врз основа на член 56 став 1 в.в со член 44 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 17.01.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Редовното Генерално Собрание на ФФМ закажано на 18 Февруари 2017 година со Одлука на УО бр. 0202-2079/1-7 од 30.12.2016 година ќе се одржи во Хотел Александар Палас во Скопје со почеток во 9.30 часот.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 17.01.2017 година, имајќи ја во предвид Одлуката на УО бр. 0202-2079/1-7 од 30.12.2016 година го одреди местото за одржување на Редовното Генерално собрание на ФФМ како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-90/1-2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0207-1/2
03.01 2017 год.

Комисија за избори на ФФМ

Врз основа на член 41 став 1, 2 и 3 и член 42 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и член 3, член 7 став 1 и член 27 став 2 од Правилникот за изборите во Фудбалската Федерација на Македонија, Комисијата за избори на ФФМ, во состав Владимир Гашевски-Претседател, Горанчо Костовски-член и Бурим Сејдини – член на ден 03.01.2017 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

1. Се задолжуваат полноправните членки на ФФМ да достават известување за делегати и заменици делегати за Собранието на ФФМ, согласно член 42 став 1 од Статутот на ФФМ.
2. Се задолжуваат полноправните членки на ФФМ во прилог на известувањето да достават и Одлука за назначување на делегати и заменици делегати на Собранието на ФФМ, донесена од органот надлежен за одлучување согласно Статутот на членката, како и Прашалник за обработка на лични податоци, пополнет и потпишан од избраните делегати на Собранието на ФФМ.
3. Известувањето и документите во прилог, согласно точка 1 и 2 на оваа одлука, да се достават до Комисијата за избори, преку Генералниот Секретар на ФФМ.
4. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ, Макфудбал.

## Образложение

Комисјата за избори на ФФМ на седницата одржана на ден 03.01.2017 година утврди дека со Одлука на Управниот одбор на ФФМ бр. 0202-2079/1-7 од 30.12.2016 година е закажано Редовно годишно собрание на ФФМ на 18.02.2017 година, па согласно одредбите од Статутот на ФФМ и Правилникот за избори на ФФМ одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Владимир Гашевски

Деловоден број 0207-1/2

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 18-2049/4

Футсал: 2016 - 2017

Скопје: 21.12.2016 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за мал фудбал, Комисијата за мал фудбал на ден 21.12.2016 година донесе:

## О Д Л У К А

1. КМФ Овче Поле 2013 се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 9 коло Втора Футсал Лига 16/17 помеѓу, КМФ ГЕМИЏИИ - КМФ ОВЧЕ ПОЛЕ 2013, ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ Овче Поле 2013 Донев Горан со ИД број 122018 е исклучен од игра во 40 минута поради насилничко однесување на натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ ОВЧЕ ПОЛЕ 2013 - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседател

Славе Крстев с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 18-2049/5

Футсал: 2016 - 2017

Скопје: 21.12.2016 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за мал фудбал, Комисијата за мал фудбал на ден 21.12.2016 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КМФ СКОПЈЕ 2011 - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 25.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 9 коло на Футсал Втора Лига 16/17 помеѓу, КМФ СКОПЈЕ – КМФ АСТИБО, ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ Скопје 2011 Пеев Лазар со ИД број 103857 е исклучен од игра во 29 минута поради неспортско однесување на натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ СКОПЈЕ 2011 - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседател

Славе Крстев с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 0804-126/2

Скопје: 17.01.2017 Година

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Донев Горан играч на КМФ ОВЧЕ ПОЛЕ 2013 - врз основа на Член 42 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 17.01.2017 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Донев Горан со ИД 122018 играч на КМФ ОВЧЕ ПОЛЕ 2013 –Свети Николе се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (ДВА) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 18.12.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 9 коло Втора Футсал Лига 16/17 помеѓу: КМФ ГЕМИЦИИ - КМФ ОВЧЕ ПОЛЕ 2013 одигран на ден 24.11.2016 ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ Овче Поле 2013 Донев Горан исключен од игра во 40 минута поради насилничко однесување на натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- КМФ ОВЧЕ ПОЛЕ 2013 – Свети Николе
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА 2 СКОПЈЕ

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 0804-126/3

Скопје: 17.01.2017 Година

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Пеев Лазар играч на КМФ СКОПЈЕ 2011 - Скопје врз основа на Член 42 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 17.01.2017 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Пеев Лазар со ИД 103857 играч на КМФ СКОПЈЕ 2011 - Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 19.12.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 9 коло Втора Футсал Лига 16/17 помеѓу: КМФ СКОПЈЕ 2011 - КМФ АСТИБО одигран на ден 18.12.2016 ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ СКОПЈЕ 2011 Пеев Лазар исклучен од игра во 29 минута поради неспортско однесување натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- КМФ СКОПЈЕ 2011 - Скопје
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секој СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална ба нка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

ТЕЛЕФОН 02/3204-470 ТЕЛЕФАКС 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**